Годишен извештај за работата на ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани
за учебната 2024/2025 година



Кривогаштани, 13.08.2025 година

Врз основа на член 122 од Законот за основно образование, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25)*ичлен 25 од Статутот на ООУ „Манчу Матак" – Кривогаштани, Наставничкиот совет на седницата одржана на 13.08.2025година го разгледа и даде предлог до Училишниот одбор за разгледување на*

Годишен извештај за работата
на училиштето во учебната 2024/2025 година

Во текот на учебната 2024/2025 година, ООУ „Манчу Матак" својата дејност ја остваруваше според 4-годишната Програма за развој на училиштето 2024 –2028, Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година и програмските прилози по подрачја од дејност, составен нејзин дел.

ООУ "Манчу Матак" е лоцирано во с. Кривогаштани, општина Кривогаштани и опфаќа ученици од реонот на населените места: Кривогаштани, Крушеани, Врбјани, Годивле, Подвис, Славеј, Светомитрани, Врбоец, и Милошево. Својата основна дејност ја остваруваше во училишните згради во Кривогаштани и подрачните училишта во селата: Крушеани, Врбјани, Славеј, Годивје и Подвис. Сите училишни згради се наменски градени и служат само за потребите на училиштето.

Оваа учебна година започна редовно со настава, од 2.9.2024 годинаи се одвиваше редовно без никакви прекини, а согласно Календарот за работата на основните училишта. Наставната година заврши на 10.06.2025 година со целосно реализирани часови и активности.

Училиштето работеше во две смени во централното училиште и во ПУ во с. Крушеани, додека во останатите подрачни училишта во една, прва смена.

Дворните површини што ги поседува училиштето се оградени, како во Кривогаштани така и во подрачните училишта во Врбјани, Крушеани, Славеј, Годивле и во Подвис. Во подрачните училишта дворот е тревнат, а некаде и асфалтиран и погоден за користење за некои училишни активности. Училишните дворови во централното училиште, во Крушеани, Славеј и Подвис се поплочени со бекатон.

Повеќето нагледни средства и технички помагала што ги поседува училиштето се обновени во последниве учебни година, па училиштето делумно е опремено со техничка опрема потребна за реализирање на современа настава. За реализација на наставата по природната група предмети се користи кабинет целосно реновиран и опремен со сите потребни нагледни средства.Во текот на оваа учебна година се добија или набавија уште 2 печатачи и 2 интерактивни табли. Останува потребата за набавка на дополнителни компјутерски единици за реализација на наставата по Информатика, но и за другите предмети, бидејќи оние кои училиштето ги поседува се дотраени и надвор од функција поради застареност.

Во текот на учебната 2024/2025 година беа превземени активности заподобрување на состојбата:

- постојано и континуирано се чистеа училниците во сите училишни објекти;
- редовно се чистеа дворовите на училиштата;
- се санираа помали инфраструктурни дефекти и недостатоци;
-

Опфат и движење на учениците.

Оваа учебна година во нашето училиште сезапишаа12 ученици од други училишта:
- во VI одделение6 ученици од с. Светомитрани,
- во VI одделение 3 ученици од с. Врбоец,
- во II одделение 1 ученик од Обршани,
- во IV одделение 1 ученик од Обршани,
- во III одделение 1 ученичка во второто полугодие;

Оваа учебна година во нашето училиште 12 ученици се отпишаа од нашето училиште
- на почетокот и во текот на оваа учебна година заради префрлање во друго училиште 6 од ПОУ с. Славеј во Мало Коњари,
- на почетокот на оваа учебна година 1 ученик од V одделение заради преселба во Прилеп.
- во текот на оваа учебна година 1 ученик од I одделение заради преселба во Долнени.

- на почетокот и во текот на оваа учебна година4 ученици од две семејствазаради преселба во странство.

Во ООУ „Манчу Матак" Кривогаштани во учебната 2024/2025 година заврши 238 ученик и тоа: од I - V одделение заедно со подрачните училишта (Крушеани, Врбјани, Славеј, Подвис и Годивле) се 125 ученик, а од VI–IXодделение во Централното училиште 113 ученици.

Во следната табела е дадена состојбата со бројност на учениците по одделенијана и пол на крајот од учебната година:

	се	М	Ж
I	16	9	7
II	28	16	12
III	30	18	12
IV	31	21	10
V	20	12	8
I-V	**125**	**76**	**49**
VI	32	24	8
VII	30	17	13
VIII	17	5	12
IX	34	23	11
V-IX	**113**	**69**	**44**
I-IX	**238**	**145**	**93**



Согласно движењето на учениците во последниве 10 години се забележува континуиран пад на бројот на ученици во училиштето, па така од учебната 2015/20216 па до оваа 2024/2025 бројот на ученици е намален за 83 ученици.

Во училиштето функционираа 16 паралелки во одделенска настава, распоредени во 9чисти паралелки и 7 комбинирани паралелки. 5 чисти паралелки во Кривогаштани, а во подрачните училишта: 3 чисти и 1 комбинирана во Крушеани, 1 чиста и 2 комбинирани во Славеј, 2 комбинирани Врбјани, 1 комбинирана во Подвис и 1 комбинирана воГодивле.

Од VI - IX одделение учениците се распоредени во 8 паралелки, по две од секое одделение.

Воспитно – образовната работа ја реализираа 16 одделенски наставници и 21 предметни наставници и/или наставници кои држат комбинирана настава и во одделенска и во предметна настава. 4 наставници од нашето училиште помали помал фонд на часови дополнуваат и во други училишта, а 2 наставници дополнуваат во нашето училиште од друго.

Тандем настава во наставата по физичко и здравствено образование се реализираше за учениците од прво до петтоодделение.

Годишните и месечните (тематските) планирања изработенисе и доставени од страна на сите наставници и проверени од страна на директорот и стручните соработници.

Стручните соработници педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор работат со полно работно време во училиштето, а библиотекарот со половина од работното време. Училиштето има вработено и еден благајник, еден хаус-мајстор и 8 помошни работници кои се грижат за административно-техничките и помошните работи.

Годишната програма за работа на училиштето како и другите планови и програми на ниво на училиште, беа изготвени навреме и во голема мера се реализираа во делот назадолжителната настава и воннаставните активности.

Во текот на учебната 2024/2025година наставата во училиштето целосно е реализирана според календарот за работа на основните училишта. Наставата започна на 2.09.2024 година, а заврши на 10.06.2025 година, т.е. остварени се вкупно180 работни денови. Наставниот материјал по предметите во редовната настава е реализиран и се остварени сите наставни часови. Реализирани се дополнителната и додатната настава како и предвидените активности од воннаставните активности.

Наставата целосно се изведува на македонски јазик.

На почетокот на учебната година навремено беше изготвен и распоред на часовите. По сите наставни предмети беше организирана дополнителна и / или додатна настава која се остваруваше во текот на целата учебна година со распоред на активностите месечно, согласно Наставниот план. Истото се однесува и за воннаставните активности и за часот на одделенската заедница.

Се реализираа и изборните предмети кои ги избраа учениците со нивните родители. Минатава учебна година беа избрани следните изборни предмети: Унапредување на здравјето во осмо одделение и Воспитание за околината во деветто одделение.

Во четвртоодделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети:

- Креативно творештво и Емоционална писменост – Врбјани,Годивје,
- Справување со природни катастрофи и Цртање, сликање, вајарство – Кривогаштани, Крушеани, Славеј;

Во петто одделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети:

- Моделарство, креативни идеи – направи сам и Емоционална писменост – Крушеани;
- Финансиска писменост и Креативно творештво – Кривогаштани;
- Цртање, сликање, вајарство и Финансиска писменост – Славеј;
- Креативно творештво и Емоционална писменост – Врбјани.

Во шесто одделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети: Готвење во првото полугодие и Основи на веб-дизајн во второто полугодие.

Во седмо одделение согласно новата концепција се реализираа следните слободни изборни предмети: Лековити, ароматични и зачински растенија полугодие и Иновации и претприемништво во второто полугодие.

На полето од слободните ученички активности во училиштето во учебната 2024/2025 година беа одржувани 13 секции во предметна настава. Сите наставници на почетокот на учебната година изготвија програми за работа на секциите.На почетокот на учебната 2024/2025 година беше направена анкета за избор на слободна активност (секција) во која сака да учествува секој ученик. Секој ученик избра најмногу до две секции. Во секциите членуваа ученици по сопствена желба. Присуството на учениците и нивното залагање во работата на секциите беше на високо ниво. Учеството на учениците во избраните секции даде допринос во проширување на знаењата од областа на избраниот наставен предмет. Се развиваше соработката и другарството помеѓу учениците, а во одредени ситуации се оспособија и за индивидуална работа. Се развиваше критичката мисла кај учениците и способноста да се искаже сопствениот став за она што се работи. Реачизирани се вкупно 353 часа/активности од секциите во кои учествуваа 149 ученици.

Во училиштето се одржуваат по три часа од хор и оркестарсо по 3 часа неделно, а програмите за истата беа во целост реализирани. По секој од предметите беа реализирани одредените композиции кои се опфатени во програмата изаботена за истите. И хорот и оркестарот зедоа учество во одбележување на датумите предвидени во календарот во текот на школската година:

*Учество на новогодишната програма;

*Учество на програмата по повод денот на жената 8ми Март;

* Учество при одбележувањето на Денот на училиштето.

Проширената програма на основното училиште опфаќа:

- организирано прифаќање изаштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава,

- дополнителна и додатна настава,
- воннаставни активности и вонучилишни активности, односноорганизирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои

училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности научeничката организација.

За учениците во прво, второ и трето одделение училиштето организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот, односно старателот:

Учебниците стасаа навреме во училиштето и беа поделени на учениците, односно родителите, а на крајот од наставната година сите ги вратија во добра состојба. Но останува проблемот со одредени учебници од седмо до деветто одделение кои се веќе дотраени, а не се заменуваат со нови, како и немањето учебници по англиски јазик.

Наставниците и оваа учебна година евиденцијата ја водеа само во електронски дневник, соочувајќи се со помали технички проблеми кои тековно се решаваа. Администратор на ЕСАРУ системот е наставничката Елена Кадинска.

Во сите одделенија од II–IXодделениена часот на одделенската заедница се реализира програмата Образование за животни вештини согласно програмата за работа, а во прво одделение содржините се интегрираат со постоечките предмети. Реализирани се по 36 часа во секоја од паралелките.

Дополнителната и додатнатанастава се реализираше од I–IXодделение, согласно постигнатиот успех на учениците и месечните распореди за реализација на истата. Овие часови во прво, второ, четврто и петто одделение се интегрираат согласно новата концепција. Во одделенска настава реализирани се од 12 – 63 допонителни часови по паралелка, а додатна од 21 – 63 часа по паралелка. Во предметна настава најмногу часови по дополнителна настава се реализирани по англиски јазик, математика и македонски јазик или вкупно 392 часа од VI – IX одделение. Во предметна настава најмногу часови по додатна настава се реализирани по англиски јазик, македонски јазик и биологија или вкупно 209 часа од VI – IX одделение.

Училиштето во учебната 2025/26 година непосредно и директно ја информираше јавноста преку користење на официјалната фејсбук страница на училиштето и преку неговата веб страница за:

- важни соопштенија за учениците, родителите и локалната заедница,
- активности на учениците во редовната настава и воннаставните активности,
- резултати на учениците од натпревари на регионално и државно ниво,
- одбележување на поважни датуми и сл.

Исто така, пошироката јавност беше информирана и за сите потребни информации и материјали неопходни за работа во училиштето (распоред на часови, распоред за дополнителна и додатна настава, Годишна програма, разни правилници итн.)

Училиштниот инклузивен тим функционира во училиштето, работи согласно сопствената програма, огранизира одбележување на датуми како што се денот на лицата со потешкотии, децата со даунов синдом и други битни датуми, ја координира работата за учениците со потешкотии, иницира подобрување на состојбата во училиштето во врска со инклузивноста и реализира активности за подобрување на условите за работа во училиштето.

УИТ својата активност ја започна со изработка на програма за работа на УИТ и акционен план во кои беа дефинирани активностите на тимот во текот на учебната година. Реализирани беа 5 формални средби на училишниот инклузивен тим. Реализирано е присуство на различни семинари и конференции од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор и членовите на УИТ

Во училиштето немаме ученици со мислење од МКФ па поради тоа нема инклузивни тимови за ученици. Со учениците со потешкотии (шест ученици) се работеше континуирано. Се води и досие за ученици со потешкотии и се следи нивниот напредок.

Во текот на годината активностите на тимот вклучуваа консултативни разговори со учениците, родителите и наставниците, советодавна работа со учениците и нивните родители. Исто така беше континуриано следен напредокот, редовноста и однесувањето на учениците во текот на учебната година.

УИТ имаше предвидено и спроведено активности за подобрување на иклузивната практика во училиштето преку инструктивна работа со ученици и наставници со цел подобро прифаќање на учениците во средината. (индивидуални разговори, работилници)

Беа одбележани значајни дауми: 3ти декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби, 26 март – Меѓународен ден на лицата со епилепсија, 21 март – ден на лицата со даунов синдроми

денот на лицата со аутизам преку работилници и најразлични активности со вклучување на повеќе ученици и наставници. Дополнително се реализираа и работилница со учениците од VII одделение на 29.02.2024 година по повод меѓународниот ден на ретки болести и работилница со учениците од VII одделение од страна на студент на институтот за специјална едукација и рехабилитација на тема: Брајово писмо.

Во рамките на програмата за здравствена заштита на учениците, посебно внимание се водеше за хигиената и заштитата на учениците и вработените. Учениците се осигурани преку осигурителна компанија „Уника“.

Редовно се вршат систематски прегледи, вакцинации, стоматолошки прегледи и залевање на заби на учениците во соработка со Здравствен дом -Прилеп.

Се вршеше едукација на учениците на тема Здрава храна за добро здравје во рамки на предметот Животни вештини од страна на одделенските наставници и одделенските раководители.

Беа одржувани советодавни разговори со учениците кои имаат емоционални проблеми и проблеми со однесувањето и со нивните родители. Во текот на цела учебна година се води евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците и се извршуваат советодавни работи со учениците и родителите со слаб успех и несоодветно однесување. Учениците и родителите се запознати со правата, одговорностите и процедурите за разрешување на проблемски ситуации. Учениците со тоа најчесто се запознаваат на часовите на одделенската заедница, а родителите на родителските средби, преку разговори со стручните соработници и директорот. Училиштето ги негува можностите за се подобра комуникација на релација наставник-ученик и наставник-родител и пружа помош онаму каде што е потребна.

Оваа учебна година посебен акцент беше ставен на унапредувањето на менталното здравје на учениците и наставниците, бидејќи нашето училиште е вклучено во овој проект од БРО и УНИЦЕФ. Од страна на стручните соработници и одделенските раководители се реализираа работилници на оваа тема, а се одржаа и голем број индивидуални и групни разговори со ученици и родители.

Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и напуштање, спречување дискриминација. Со помош на сите вработени во училиштето и тимот за превенција од насилно однесување се подигна свеста на учениците и се подобри дисциплината во текот на учебната година.

Одговорни лица за пријавување на насилство: Наташа Димоска – специјален едукатор и рехабилитатор и Дијана Каравилоска –наставник ментор.

Училиштето има пропишана процедура во вид на протокол за превенција од насилство. Доколку се забележи појава на ментална или физичка злоупотреба, се интервенира без одложување, од страна на дежурните наставници, одделенските раководители, самите ученици или стручните соработници, а потоа се вклучуваат и родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата.

- Сите вклучени во образовниот процес на почеток на учебната година се запознаа со правилата на однесување, Куќен ред и Протоколот за ненасилно однсување;
- Запознавање и вклучување на учениците во новата програма за ненасилство, посебно ученичкиот правобранител и замениците;
- Тимот за превенција од насилно однесување тековно ја следеше состојбата во нашето училиште и во текот на оваа учебна година немаше појава на насилно однесување. Секоја појава на можно насилство навреме се идентификување и превенираше, па ниту една не прерасна во насилство;
- Континуирано се спроведува упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство ,злоупотреба и занмарување;
- Одржани се повеќе предавања, работилници и разговори на оваа тема;
- Реализирани беа советувања на учници и родители после секое тромесечие а исто така и според пројавените потреби континуирано;
- Промовирање на ненасилно однесувањепреку изразување на учениците (работилници, плакати, творби);
- Реализани се повеќе содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето и насилното однесување.

Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените и талентирани ученици се идентификуваа и од страна на наставниците кои им предаваат. Наставниците обрнуваа внимание и им даваа поддршка на оние ученици кои покажуваа определена надареност за да ја развијат и да постигнуваат што подобри резултати.

При тоа соработуваа со членовите на тимот и ги запознаваа со учениците и нивните афинитети. Наставниците ги мотивираа учениците да учествуваат на натпревари, литературни читања, конкурси, спортски натпревари, ликовни конкурси, изложби и сл. Во овој процес наставниците ги вклучуваа и родителите преку барање мислење од родителот за способностите на неговото дете. Родителите покажаа несебична поддршка за учениците кои одеа на натпревари и учествуваа во активности во и надовр од училиштето со што ги афирмираа своите знаења и способности.

Училиштето континуирано работеше на промоцијата на постигнувањата на овие ученици преку објавување на нивните достигнувања на страната на училиштето, давање јавни пофалби и награди на оние ученици кои кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето во повеќе области преку учество во активности во училиштето и надвор од него.

Од страна на психологот се подготвени инструменти за навремено и правилно идентификување на надарените и талентираните ученици

Стручните соработници на стручните активи на одделенските и предметните наставницпрезентирааза карактеристиките и начините на следење и откривање на надареното/талентирано и креативно дете во паралелката - запознавање со инструментите за идентификување на овие ученици.

Излети и екскурзии:

На почетокот на учебната година – 02.10.2024 во месноста Петочница, училиштето изведе **есенски излет.** Овој излет е од забавно - рекреативен карактер и на него присуствуваа сите наставници и сите ученици од I до IX одделение од централното и од сите подрачни училишта.

На крајот на учебната година – 02.05.2025 месностПеточница, училиштето изведе **пролетен излет**. Овој излет е од забавно рекреативен карактер и на него присуствуваа сите наставници и сите ученици од I до IX одделение од централното и од сите подрачни училишта.

На 18, 19 и 20.05.2025 година, се изведе **тридневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер со учениците од IX одделение предводени од одделенските раководителиВесна Ацеска и Елена Белеска , која беше изведена во соработка со ТА ЕХ Травел – Прилеп. Релацијата која ја посетија учениците беше следната: Кривогаштани - Прилеп, Кавадарци, ХЕЦ Тиквеш, Стоби, Колешино, Струмица, Водоча, Берово, Пробиштип, Куманово, Скопје, Кривогаштани.

На 11 и 12 мај 2025година беше изведена **дводневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер со учениците од VI одделение од ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани на релација: Кривогаштани – Битола – Охрид – Струга – Вевчани – Маврово – Кичево – Кривогаштани. Наставници кои ја водеа оваа екскурзија се:Дијана Каравилоска и Дејана Тренеска и беше изведена 03.06.2025 год.

На 03.06.2025 година во Охрид и Струга се изведе **еднодневна екскурзија** од научно – рекреативен карактер Охрид, Стругасо учениците од III одделение.

Посети:

- Театарска претстава „Рибарот и златната рипка“и „Дедо Мраз е на пат“
- Посета на Саем на книгата 2025, Скопје
- Посета на фабриката за конзервирање и преработка на зеленчук „Бакалески промет“ во Славеј
- Посета на ДОО ЧИКО ЛУКС
- Посета на Полициска станица – Кривогаштани
- Посета на театарската претстава „Маѓепсан круг“ во организација на СОУ „Ѓорче Петров“, Прилеп и Општина Кривогаштани

Оваа се реализираните воннаставни активностиоваа учебна година:

- Прием на првачињата во училиште
- Одбележување на Европска недела на мобилност
- Одбележан - Ден без автомобили
- Активности за одбележување на Детската недела – секое дете има право на свое мислење
- Одбележување на денот на учителот
- Одбележување на Светски ден на детето
- Одбележан светски Ден на ментално здравје
- Меѓународен ден на пешаците
- Меѓународниот ден на лицата со попреченост
- Меѓународен ден на храната

- Хуманитарна акција,собирање на парични средства за лекување на Никодим преку продажба сопствени изработки (белезици)
- Хуманитарна акција за собирање парични средства – организација на ученичкиот парламент
- Хуманитарна акција „Од нас -за нас
- Акција за собирање на стара пластика и лименки
- Работилница ,,надминување на мојот страв””-стручни соработници
- Работилница ,,Што видовте денес”-- стручни соработници
- Работилница,,Цвет на силата ‘’- стручни соработници
- Работилница ,,Рецепт за среќно училиште" -на стручните соработници
- Работилница: Ненасилно разрешување на конфликти. Водител: ученичкиот правобранител
- Презентација на биатлон во организација на Биатлонската федерација на РСМ
- АктивностизаДенотнамајчиниотјазик
- Карневалподмаски: Прочкарска смеа за секого – вомултифункционаланасалавоопштинскатазграда
- Приредбаза 8 Март
- Одбележанесветскиотденинеделаназдравјетонаустатаизабите
- СветскиденнаводитеПредавање:Водатаихранатадостапностибезбедност
- Светскиденнапоезијата
- ОдбележувањенасветскиотдензаподдршканалицатасоДауновсиндром
- Деннапролетта, деннаекологијатачистењенаучилницатаиходниците
- СветскиденнапланетатаЗемја
- Светскиденнакнигатаиавторскотоправо
- АктивноствосклопнаакцијатаГенералкавикенд:Грижазаоколината–почви
- ПриредбазаДенотнаучилиштето
- ХуманитареннатпреварихуманитарнаакцијазанастраданитеодКочани
- Фудбалски меѓуучилишен натпревар по повод Денот на ООУ„Кирил и Методиј“, Бучин
- Турнир во одбојка Ден на ООУ Јончe Смугрески Обршани
- Турнир во одбојка Ден на ООУ Кирил и Методиј Бучин
- Турнир во одбојка Ден на ООУ Манчу Матак Кривогаштани

Натпревари: Воучебната 2024/ 2025 година учениците од ооу „Манчу Матак„ од Кривогаштани учествуваа на повеќе натпревари, конкурси и литературни читања:

Активност	Кога	Каде	Освоени награди
Општински натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ	15.03.2025	ООУ„ Гоце Делчев“, Прилеп	2 место
Регионален натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ	12.04.2025	ООУ„ Гоце Делчев“, Прилеп	2 место
Државен натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ	10.05.2025	ООУ„ Кирил Пејчиновиќ“, Прилеп	2 место
Литературно читање	24.02.2025	ООУ„Јончe Смугрески“, Обршани	2 место
Литературно читање	27.02.2025	ООУ„Страшо Пинџур“, Мало Коњари	
Литературно читање	21.05.2025	ООУ„Манчу Матак“, Кривогаштани	
Литературно читање	22.05.2025	ООУ„Кирил и Методиј“, Бучин	
Регионален натпревар по македонски јазик	26.04.2025	ООУ„Гоце Делчев“, Прилеп	Прво ,второ и трето место
Државен натпревар по македонски јазик	31.05.2025	Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје	Второ и трето место
Брза географија	Месец Март	ООУ Манчу Матак	

Меѓународен натпревар по Математика „Кенгур“	27.III 2025	ООУ „Манчу Матак“, Кривогаштани	
ЛиковенконкурспоповодСветскиотденнаштедењето31октомври, тема: Штедењетонашанавикаипотреба	18.10.2024	воучилница	
Општински натпревар по географија	22.02 2025	online	Прво место Трето место и уверение за учество
Регионален натпревар по географија	05.04 2025	ООУ „Гоце Делчев“ Прилеп	Второ место и уверение за учество
Државен натпревар по географија	10.05 2025	Универзитет Скопје	Уверение за учество
Општински натпревар по биологија	14.02.2025	Манчу Матак Кривогаштани	Второ место
Регионален натпревар по биологија	28.03.2025	Манчу Матак Кривогаштани	Второ и трето место
Државен натпревар по биологија	31.05.2025	Природно-математички факултет Скопје	Трето место
Младинско претприемништво организирано од ЗРЕД Прилеп	24.05.2025	Марко Цепенков- Прилеп	Учество
Општински натпревар-одбојка (ж)	11.11.2024	СОУ,,Ѓорче Петров,,Прилеп	7,8 и 9одд
Општински натпревар-фудбал (м)	03.10.2024	ООУ Добре Јованоски	8 и 9 одд.
Турнир во одбојка Ден на ООУ Јонче Смугрески Обршани	24.02.2025	ООУ Јонче Смугрески Обршани	
Турнир во одбојка Ден на ООУ Кирил и Методиј Бучин	20.05.2025	ООУ Кирил и Методиј Бучин	
Турнир во одбојка Ден на ООУ Манчу Матак Кривогаштани	22.05.2025	Ден на ООУ Манчу Матак Кривогаштани	

Натпреварите допринесоа кај учениците се повеќе да се развива натпреварувачкиот дух, ги проширија и збогатија своите знаења и вештини, овозможија остварување контакт со учениците од другите средини и играа значајна улога во развојот на личноста на ученикот. За учениците кои што покажаја особен успех по одделни наставни предмети беа организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво со содржини соодветни на возраста на учениците кои се темелат на наставниот план и наставните програми за основно образование. На натпреварите се вреднуваше знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделните наставни предмети. За постигнатите резултати на учениците не изостана и освојување на награди што кај учениците и нивните ментори има дава мотив и за понатамошно напредување и натпреварување.

Во однос на естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

- Уредување на пано по повод Детска недела, Новогодишните и Божиќните празници, 8 Март- Денот на жената, Ден на пролетта и екологијата, Велигденските празници, 22 Април- Ден на планетата Земја, Денот на училиштштето и 24 Мај, Ден на словенските просветители Св. „Кирил и Методиј“во сите училници
- Уредување на училишниот хол по повод Новогодишните, Божиќните и велигденските празници од Одделенски и предметни наставници пред својата училница
- Уредување на училишниот двор во текот на целата учебна година од техничката служба.
- Финансиските средства од собраната пластика од Тимот за ученички иницијативи се искористија да се разубави влезот од централното училиште со цртежи насликани од нашите ученици.

Во училиштето оваа учебна година се реализираа неколку проекти:
1. Антикорупциска едукација – во рамките на овој проект реализирани се иницијален прашалник и некоколку работилници на часовите на одделенската заедница од страна на одделенските раководители на осмо и деветто одделение и стручните соработници, како и активности во рамките на предметот граѓанско образование.
2. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем
Во рамките на овој проект секој наставник (кој не е опфатен со новата концепција) во своите планирања внесува интеграција со еколошки теми во своите предмети, а ова е следно и координирано од педагогот.
Беа реализирани следниве активности:
- Ден на пролетта – Ден на екологијата:
  - Чистење во училницата и во училишниот двор, и садење цвеќиња и дрвца
- Светски ден без автомобили
- Генералка викенд 2025 - национална акција за чистење и селектирање на отпад во соработка со локалната самоуправа,
- Одбележани Светскиот ден за заштита на водата и Денот на Планетата Земја
- Ден без автомобили беше одбележан во соработка со наставниците по физичко образование,.
- Акција за собирање на стара пластика во организација на Тимот за ученички иницијативи

3. „Меѓуетничка интеграција во образованието.Во текот на учебната 2024/2025 година од планираните МИО активности според акцискиот план се реализираа само самостојни мултикултурни активности на ниво на училиште. Секој наставник испланира и реализира МИО самостојни активности преку кои се развиваше меѓуетничката интеграција во образованието и интеркултурализам во редовната настава и воннаставните активности. Наставниците реализираа самостојни мултикултурни активности на своите редовни часови, во секциите, приредбите и другите воннаставни активности. И оваа учебна година немаме партнер училиште за реализација на меѓуетнички активности.

4. Унапредување на менталното здравје и доброосостојбата на децата и младите под покровителство на БРО и УНИЦЕФ. Во рамките на оваа програма се реализираа следниве активности:
- Работилници и активности во текот на целата учебна година со сите ученици кои ги реализираа одделенските раководители и стручните соработници. Беа реализирани вкупно 94 работилници или активности или акции и голем број советодавни разговори со превентивен и интервентен карактер.

Соработката со родители. Оваа учебна година сите активности за соработка со родителите/старателите беа целосно спроведени.

Одржани се 5 - 7 родителски средби за учениците од I – IX одделение со цел информирање на родителите за почетокот на учебната година а потоа и за успехот на учениците на крајот на периодите за оценување на учениците: прво тромесечие, полугодие, трето тромесечие, крај на учебна година.

Со родителите на ученицте од IX одделение одржани се додатно родителски средби за избирање понуди за фотографирање на учениците полуматуранти и понуди за одржување на полуматурска вечер.

Родителите се вклучени и преку учеството и работата на Советот на родители кој со свои претставници во секоја паралелка ги известува родителите за сите новини, активности и одлуки.Одржани се 8 состаноци на Советот на родители оваа учебна година.

Родителите на идните првачиња беа информирани за емоционалната, интелектуалната и физичката подготвеност на нивните деца за во училиште преку разговор и тестирања на учениците.

Во текот на годината се реализраа и индивидуални разговори со родители за разрешување на индивидуалните проблеми на учениците со директорот, стручнаите соработници и одделенските раководители.

На огласната табла и преку веб страната и ФБ страната родителите се редовно информирани за приемните денови за родители од страна на наставниците и останатите корисни информации и барања од страна на училиштето.

Родителите заедно со своите ученици слободно и по сопствена волја ги одбираат предложените слободни изборни и изборни предмети.

Во соработка и со активно учество на родителите реализирани се спортски игри, еколошки акции, хуманитарни акции, приредби, базари и работилници. Организиран новогодишен базар на кој парите од изработките ги собираше родител и беа наменети з потребите на училиштето. Организирана е еколошка акција – собирање пластични шишиња . Организирани се велигденски работилници во централното и подрачните училишта ученици-наставници-родители.

Оваа учебна година во школите за родители (советување на родителите) беа советувани родители поради слабиот успехкај нивните деца, неоправдани отсуства и несоодветно однесување. Овие советувања ги извршува психологот. Советувани се 51 ученик поради три и повеќе слаби оцени и нивните родители додека по по основ на несоодветно однесување беа советувани 10 ученици и нивните родители,по основ на нередовно посетување на настава 1 ученик и неговиот родител.За реализираните советувања се испраќа извештај до Педагошката служба при МОН за секое полугодие.

Во рамките на соработката со заедницата продолжува добрата соработка со општината, училиштето во Обршани како и со средните училишта во околината каде се запишуваат нашите ученици. Соработката со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Центрите за социјални грижи, Министерствата, Ресурсниот центар и останати релевантни институции за нас, беше постојана низ целата учебна година. Училиштето е во постојана соработка со другите училишта на професионален план во текот на целата учебна година по однос на сите прашања кои се однесуваат на целокупната работа на училиштето.

- Градоначалникот и локалната самоуправа оваа година се вклучија во работата на училиштето преку повеќе активности:прв училишен ден за првачињата, посета на најмалите ученици и заедно со директорката на училиштето им подарија новогодишни пакетчиња со тоа и им ја честитаа Новата Година и им посакаа многу успех во новата година, учество и во активностите за одбележување на Денот на училиштето, организација на манифестацијата „Прочкарска смеа за секого“, соработка со Тимот за ученички иницијативи со акцијата за собирање стара пластика и друго.
- Соработка со основните училишта по повод Денот на училиштето организирани литературни читања на кое зедоа учество ученици од литературната секција од нашето училиште, и ученици од други училишта.
- Наставниците по ФЗО во неколку наврати учествуваа на натпревари по одбојка и фудбал а беа домаќини на спортски натпревари кои се одржаа во рамките на активностите за одбележување на Денот на училиштето (училиштата: „Страшо Пинџур“ од Мало Коњари, „Јонче Смугрески“ – Обршани, „Св. Кирил и Методиј“ – Бучин);
- Одбојка Спортски натпревари по повод патрониот празник на ООУ Јонче Смугрески – с.Обршани;
- Одбојка Спортски натпревари по повод патрониот празник на нашето училиште со учество на други училишта;
- Одбојка Спортски натпревари по повод патрониот празник на ООУ Св.Кирил и Методиј с.Бучин
- Одбојкарски натпревар – хуманитарна акција на ученичкиот парламент со учество на ученици, наставници и родители од Кривогаштани и Обршани.
- Соработка со „Урбано гнездо“ – Кривогаштани – коорганизација на хуманитарен натпревар.

Ученичкиот парламент, функционираше и работеше на ниво на училиште и оваа година покажа голема иницијативност во работењето. Поддршка во организацијата на активностите добиваа од педагогот на училиштето, како и од останатите вработени.
Орџани беа 9 состаноци. Членови – 16 ученици со редовно присуство. Претседател: Петар Папчкоски, заменик: Александра Анческа. Беа реализирани следниве активности:
- Формирање на ученичкиот парламент, донесување програма за работа и запознавање со процедурата за избор на претседател и заменик претседател
- Избор на претседател и на претставници за учество во работата на наставничкиот совет и училишниот одбор
- Одбележување на светскиот ден на менталното здравје;
- Организација на хуманитарни акции;
- Организација на хуманитарен натпреват во одбојка за повредените во Кочани;
- Се разговараше и преку заеднички идеи со останатите ученици во паралелките се согледа интересот на учениците за секции/клубови и слободни изборни предмети за следната учебна година;
- Учество на состаноците на наставнички совет, совет на родители и училишниот одбор.

Ученички правобранител: Стефани Велеска, заменици: Ана Цветкоска и Јована Митреска.

- Ги запозна сите ученици во училиштето со својата работа и улога како ученички правобранител
- Одржани работилници за детските права
- Одбележан денот на детските права со повеќе активности за сите ученици организирани од правобранителот и замениците;
- Дополнителни работилници за ненасилство и другарство;
- Во текот на учебната година немаше доставено преставка од ученик до ученичкиот правобранител.

Наставниците и стручните соработници во текот на целата учебна година спроведоа активности за правилно насочување на учениците за нивно понатамошно образованиесогласно програмата за професионална ориентација.

- Прибирање на податоци за упис на учениците во средните училишта
- Прибирање на податоци за средните училишта и преглед на занимања.
- Давање препораки попотреба на учениците од IX одделение
- Информирање на учениците за изборот на средни училишта и струки
- Спроведување на прашалник за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците.
- Организирање презентации на средните училишта
- Работилници од страна на стручните соработници и одделенските раководители
- Разгледување на конкурсот за упис,насочување за пресметување на поените потребни за упис.

Стручните активи работеа во два активи: одделенска настава и предметна настава и одржаа по 6 состаноци, кои беа во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите беше отворена и се почитуваше мислењето од секој и секој даваше свој придонес.

Стручен актив одделенска настава - активности:
- договор за заедничко планирање по предметите;
- консултации за личните планови за професионален развој;
- договор за водење на педагошката евиденција и документација;
- договор и усогласување на критериумите за оценување;
- насоки за следење на часови;
- распределба и предлози за слободни изборни предмети;
- интерна обука: Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата
- насоки за Примена на прирачниците за личен развој во наставата
- договор за водење на електронскиот дневник;
- разгледањена извештаите од Личниот план за професионален развој (ЛППР).

Стручен актив предметна настава:
- консултации за личните планови за професионален развој;
- договор за водење на педагошката евиденција и документација;
- договор и усогласување на критериумите за оценување;
- интерна обука: Примена на современи форми, методи и нагледни средства во наставата
- дискусија и планирање на активности по одржаната обука
- насоки за следење на часови;
- консултации за личните планови за професионален развој;

Програмата за професионален развој на училиштето се реализираше во голема мера и тоа преку стручните активи, наставничките совети, неформални средби, индивидуални консултации и разговори, посета на обуки, семинари, вебинари, конференции, настани и слично, како и преку личен професионален развој на наставниците. Секој наставник изработува и реализира свој личен план за професионален развој и изготвува извештај за истиот, а тимот за професионален развој ги прегледува истите.

Во однос наобуки и дисеминации во нашето училиште беа посетени следниве:

Наслов на обука/ семинар/ средба..	Кога и каде	Организатор	Учесници
Учесник на онлајн – 51 th Pan-EU Conference on Digital Education: Special edition on sustainability education in kindergartens	27.06.2024	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска

Потребни информации за пишување на пријава за Национална ознака за квалитет на eTwinning проект	13.06.2024	eTwinning	Леонора Рујаноска
Учество на третиот вебинар (4/4) со наслов Инспиративни приказни и идеи – нови перспективи во наставата за медиумска писменост во ерата на вештачката интелигенција“	01.07.2024	ДИГ - ЕД, Амбасада на САД, TechCamp - Охрид	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учество на семинар на тема: „Професионален развој и кариерно советување на учениците“	02.07.2024	Биро за развој на образованието, О ИНВЕСТ – EMVIRONEMWNT & CONSULTING	
Учество на тематски вебинар: „Придобивки од eTwinning проектите“ (благосостојба, слобода, човеково достоинство, примена на право, инспирација, мотивација, менторство, заедница за учење, соработка)	02.07.2024	Национална агенција за Европски образовни програми и мобилност , Erasmus+. Etwinning	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Дезинформациииибезбедноств осајберпросторот „Edu Syber Guardians“	05.07.2024 on-line	EduCyberGuardians, DIG-ED, TechCamp Ohrid, U.S. Embassy Skopje	Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн – 52 th Pan-EU Conference on Digital Education	25.07.2024	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Успешно завршени сите модули од онлајнкурсот „EduCuber Guardians“ и стекнување на компетенции за медиумска и дигитална безбедност	10.07.2024	Edu Cyber Guardians	Леонора Рујаноска
Учество на вебинар на тема: Лето и наука: „Да сваки дан буделеп и забаван!“	05.08.2024 - онлајн	Образовни центар STEM	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн – 53 th Pan-EU Conference on Digital Education	29.08.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска.Елена Кадинска,Антица Вренцоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учество на информативен вебинар на тема: Новости на ЕСП	18.09.2024 - онлајн	Национална агенција за Европски образовни програми и	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Елена Кадинска, Леонора Рујаноска,

		мобилност , Erasmus+. Etwinning	Наташа Димоска, Елена Кадинска
ESEP платформа и eTwininng проекти како позитивен пример во медиумско описменување на учениците	11.09.2024	eTwinning Аида Петровска	Леонора Рујаноска
Учество на тематски вебинар: ИКТ алатки	23.09.2024 - онлајн	Национална агенција за Европски образовни програми и мобилност , Erasmus+. Etwinning	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Антица Вренцоска, Леонора Рујаноска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн – 54 th Pan-EU Conference on Digital Education	24.09.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Антица Вренцоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн – 55 th Pan-EU Conference on Digital Education	26.10.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Елена Кадинска, Наташа Димоска,
СОбрание и граѓанско образование	04.10.2024	Парламентарен институт на Собрание на РСМ	Дијана Каравилоска
Добри практики реализирание од е Twinning проекти	Он-лајн 30.09.2024 1.5час	E-Twinning	Елена Кадинска, Наташа Димоска
,Учество на вебинар на тема: Приступа науци кроз експерименте: Наука и знање=играње	07.11.2024 - онлајн	Образовни центар STEM	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Антица Вренцоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учество на онлајн Fine ISE-ADE International Conf Education for Autism and intellectual Disabilitieserence Accesiable and Quality Digital	16.11.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union, TeachSpace, TeachHub, ISEC-ADE	Лилјана Стојкоска, Сашка Комициоска,Милена Граороска Петроска , Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Елена Кадинска,Леонора Рујаноска, Наташа Димоска,
Учесник на онлајн – 56 th Pan-EU Conference on Digital Education	28.11.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Антица Вренцоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Денови на психологијата	30.11.2024 on-line	Меѓународен Славјански Универзитет	Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска

Учество на вебинар на тема: Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците	11.12.2024 - онлајн	Смарт-АП Лабораторија за социјални иновации Скопје	Лилјана Стојкоска, Филип Димески,Сашка Комициоска , Христина Каравилоска,Елена Белеска , Дијана Каравилоска, Антица Врнцоска, Леонора Рујаноска, Анета Гулабоска, Тања Спиркоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учество на вебинар на тема: Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси	17.12.2024 - онлајн	Смарт-АП Лабораторија за социјални иновации Скопје	Лилјана Стојкоска, Филип Димески, Христина Каравилоска,Весна Ацеска , Дијана Каравилоска, Антица Врнцоска,Анета Гулабоска , Тања Спиркоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн – 57 th Pan-EU Conference on Digital Education	19.12.2024 - онлајн	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Христина Каравилоска, Дијана Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Интерна обука-Критериуми за оценување	16.10.2024г.У чилиште	Стручни активи на одделенска и предметна настава ООУ Манчу Матак	
Обуказанаставницинапофизичк оиздравственообразованиеза работа Содецатасоаутизамворедовн итеосновниучилишта	Факултет за физичко образование, спорт и здравје. 25.10.2024	Здружение „Сина светулка“	Филип Димески ,
13та Меѓународна конференција на ЕЛТАМ МК „Нови предизвици, нови перспективи“ (New Challenges, New Perspectives)	25-26 октомври 2024, Скопје	Асоцијација на наставници по англиски јазик и книжевност на РСМ ЕЛТАМ МК Скопје	Наташа Китаноски
“Reading with young learners - Engage the imagination and boost language learning with story-based reading programmes”	21 ноември 2024 (вебинар)	Helbling Languages	Наташа Китаноски
ЕЛТОНС фестивал на иновации (ELTONS Festival of Innovation)	19 ноември 2024 (вебинар)	Британски совет (British Council)	Наташа Китаноски
“Teaching Happiness in the Language Classroom: A Need or a Trend”	10 декември 2024	Експрес Паблишинг (Express Publishing)	Наташа Китаноски
How can AI enhance learning experiences	On line, 11 th September	British Council	Татјана Петреска

AI educator certification; level 1	On line, October	MagicSchool	Татјана Петреска
„Réaliser des podcasts audio pour sensabiliser et apprendre le français“ module long „Techniques d'animation du français précoce“-module court „Renforcer les pratiques des enseignant(e)s en FLE et DNL dans un dispositif d'enseignement bilinque“-module court „Organiser des activités cullturelles inspirantes et innovantes“-module court	24-28.06.2024	*Université d'été régionale de Struga* *Marine Bechtel*	Тања Спиркоска
Учење преку истражување, работа на проекти решавање проблеми	19/20.08.2024	Академија ЦЕС – Скопје *Обучувач: Наташа Кулевска*	Тања Спиркоска
75 години- организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија	08-09.11.2024	Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори	Наташа Димоска
58 Пан – Европска конференција за дигитална едукација	Он лајн - ZOOM 30.01.2025 15.00 – 16.30 часот	Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и Еразмус +	Антица Вренцоска,Дијана Каравилоска, Лилјана Стојкоска, Елена Кадинска. Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Онлајн настан за проектот: „ Тренери за одржливост	Он лајн - ZOOM 12.02.2025 18.00 – 19.30 часот	Eco Logic, VNB, Synthesis поддржано од Европска унија	Антица Вренцоска,
59 Пан – Европска конференција за дигитална едукација	Он лајн - ZOOM 27.02.2025 15.00 – 16.30	Национална агенција за европски образовни	Антица Вренцоска , Дијана Каравилоска, Лилјана Стојкоска, Елена Кадинска, Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
60 Пан – Европска конференција за дигитална едукација	Он лајн - ZOOM 27.03.2025 15.00 – 16.30 часот	Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и Еразмус	Антица Вренцоска , Дијана Каравилоска, Лилјана Стојкоска ,Елена Кадинска. Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учество на Онлајн Конференција „More Than Just Recycling“	20.01.2025 - онлајн	ACCES; Co - Funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Дијана Каравилоска,
Интерна обука „Примена на современи форми, методи и нагледни средства“	29.01.2025 – онлајн – училница – „Манчу Матак’	ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани	Лилјана Стојкоска

Револуционизирање на образованието со AI алатки - Вашиот личен асистент во Word, Excel, PowerPoint, Outlook - Користење на AI во секојдневните задачи (GUINNESS record) - Вештачка интелигенција за ефикасен развој на концепти и идеја во дизајнот	08.04.2025 - онлајн	Microsoft, Leading Learning Partners Association, SEMOS education	Лилјана Стојкоска,Христина Каравилоска
Учество на СТЕМ ОБУКА – СТЕМ ЗЕКА: УКРШЊИ ЕКСПЕРИМЕНТИ	Април 2025	Образовни центар СТЕМ	Лилјана Стојкоска
Учесник на онлајн –61 th Pan-EU Conference on Digital Education	24.04.2025	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска,Дијана Каравилоска , Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Учесник на онлајн –62 th Pan-EU Conference on Digital Education	29.05.2025	Co-funded by the European Union	Лилјана Стојкоска, Дијана Каравилоска, Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
Обука за новата наставна програма по француски јазик за 7 одд.	17.06.2025 Zoom online	БРО	Дејана Тренеска
Обука за новата наставна програма по македонски јазик за 7 одд.	19.06.2025 Zoom online	БРО	Дејана Тренеска
"More than Just Recycling" Certificate | GREEN WEEK European Conference	Он-лајн 20.01.2025	ACCESS Project team	Елена Кадинска, Христина Каравилоска, Наташа Димоска,
ЗА УЧЕСТВО НА ЗАВРШНИОТ ОНЛАЈН НАСТАН ЗА ПРОЕКТОТ SUSTAINABILITY COACHES	Он-лајн 12.02.2025	Eco Logic	Елена Кадинска, Христина Каравилоска, Наташа Димоска,
Креативно изучување на Земјата	Во СОУ.Ѓорче Петров Прилеп 17.02.2025	МАКЕДОНСКО ГЕОГРАФСКО ДРУШТВО	Елена Кадинска
Обука за нагледни средства, методи и техники во наставата	ООУ.Манчу Матак	Наставници ООУ.Манчу Матак	
Работна стредба за Планирање и реализација на наставата по Хемија за седмо одделение	18.06.2025 он- лајн	БРО	Ленче Сркески
Обука по Македонски јазик за VII одд.		20.VI 2025 г. Microsoft Teams	Весна Аџеска
STEM ZEKA: USKRŠNJI EKSPERIMENTI	01.04.2025 on-line	Obrazovni centar STEM Megunarodno akreditovani STEM centar	Христина Каравилоска, Наташа Димоска, Елена Кадинска
ВИ во образование	14.05.2025 on-line	European Union, ARTKIT eu4ia, smartNEST, SYKLI, UAB, Vilniaus Ozo	Христина Каравилоска

		gimnazija, Western Norway Universitu of Applied Sciences, UNI Graz, предавачи: проф д-р Ристе Тимовски при УГД - Штип и Ирина Иванова од ОУ „11 Октомври“	
Обука за планирање и реализација на наставата по Географија во VII (седмо) одделение според новата наставна програма	17.06 2025	БРО	Оливер Конески
Иновации и претприемништво	12.05.2025	Бро	Менде Станојоски
On line обука за наставна програма за 7 одд.	26.06.2025	БРО	Пеце Апостолоски
Примена ,задавање и интерпретација на тестот тест на препознавање на точки (*ТПТ-МК)	23 и 25.01.2025	Ас-Анима психовелнес и советување	Анета Гулабоска
Менталното здравје кај децата во градинка и училиште:како да се побара стручна помош	07.05.2025	Ас-Анима психовелнес и советување	Анета Гулабоска
Стручни работилници:училишните библиотекари-поттикнувачи на интересот за библиотечна дејност кај децата и младите	25.06.2025 , Битола	Министерство за култура и туризам на РСМ	Трајанка Стојкоска

Наставниците во училиштето во текот на учебната година ги извршуваа следните воспитно - образовни и други видови професионални задачи во училиштето:

- планирање на воспитно-образовната работа во пишана или електронска форма;
- подготовка за настава (избор/изработка на наставни средства и дидактички помагала);
- изведување на наставни и воннаставни активности;
- реализирање на дополнителна и додатна настава за учениците;
- водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување;
- учество во интерно проверување на постигањата на учениците;
- оценување на постигањата на учениците;
- водење на педагошка документација и евиденција;
- соработка со родители;
- соработка со заедницата и промовирање на постигањата на учениците
- соработка со директорот, стручните соработници и другите органи на училиштето;
- работа во стручните активи и другите стручни тела и комисии;
- учество во тимови и комисии за работа во училиштето;
- вршење на задачи на одделенски/класен раководител;
- собирање и обработка на податоци во врска со воспитно-образовната и друга работа;
- менторство на ученици;
- планирање, водење евиденција и правење збирки на докази за сопствениот професионален развој;
- учество во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето
- уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади итн.;
- организирање на културни спортски и други општо корисни и хумани акции во кои учествуваат учениците;

- подготвување и водење ескурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето;
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа;
- учество на истражувачки проекти и други активности за унапредување на воспитно-образовната работа
- водење на професионалното досие.

Во учебната 2024/2025 година, во нашето училиште беа одржани 12 состаноци на Наставничкиот совет на кои беше утврден успехот на првото тромесечие, полугодието, третото тромесечие и крајот на учебната година. Утврдена е реализацијата на наставниот материјал, презентирани се голем број известувања, соопштенија, се разгледуваа и усвојуваа значајни документи од работата на училиштето, се огранизираше работата во училиштето.

Одделенскиот совет одржа 5 состаноци. На сите овие состаноци беше разгледуван успехот по класификациони периоди и на крајот од учеб. година, реализацијата на наставните и воннаставните активности како и разгледување на редовноста и поведението на учениците.

Одделенските раководители – раководителите на паралелките се одговорни за работата во својата паралелка – одделенска заедница. Тие го реализираат часот на одделенската заедница согласно претходно подготвена програмата за работа на одделенката заедница каде се вклучени содржини од програмата „Животни вештини“.

Училишниот одбор при ООУ „Манчу Матак“, Кривогаштани во изминатата учебна 2024/2025 година одржа вкупно 12 состаноци. Се работеше според Годишната програма за работа на УО, како и според Деловникот за работа. Беа одобрени Годишната програма за работа и екскурзиите, усвоени извештаи,се усвои завршната сметака научилиштето, се формираа различни комисии (за попис, за јавни набавки), се даваше мислења по објавувани конкурси за вработување на наставници и стручни соработници и директор. Се постапуваше со одлуки и мислења согласно Деловникот, Статутот на училиштето и Законот за основно образование.

Училишниот одбор имаше соработка со Директорот, Советот на родители и Општината. Состаноците се закажуваа три дена пред датумот на одржување, а членовите беа известувани писмено, со покана. Состаноците поминуваа во најдобар ред, со обезбеден кворум за работа и со начин на водење и гласање пропишан согласно Деловникот за работа.

Советот на родителите работеше во состав од 24 родители, претставници од паралелките. Претседател на Советот на родители е Ивица Коркоски. Во текот на учебната година одржаа 4 состаноци според нивната програма и тековните потреби на училиштето. Бројот на родители кои присуствуваа на состаноците беше задоволителен

Директорот на училиштето, Даниела Мицескасвојата работа ја реализираше согласно програмата за работа:

- ги подготвуваше дневниот ред за состаноците на Наставничкиот и Одделенските совети на паралелките,
- изработи анализи и извештаи за резултатите од успехот на учениците за тромесечијата, I полугодие и крајот на учебната година во соработка со педагогот на училиштето;
- вршеше постојан увид на педагошката евиденција и документација и редовно им укажуваше на пропустите на наставниците;
- ги организираше, учествуваше и имаше свои дискусии на состаноците во училиштето (Наставнички, Одделенски, Стручни активи, Ученички парламент, Совет на родители, родителски средби и сл.);
- оствари голем број средби со родители од ученици, со наставниците и учениците, ги организираше и реализираше советите на паралелките за двете тромесечија и на карајот од учебната година;
- го организираше учеството на учениците на сите предвидени натпревари, при одбележувањето на Денот на училиштето и сите други активности поврзани со педагошко-инструктивната работа на директорот;
- систематски ја следеше реализацијата и квалитетот на наставниот процес преку следење на редовни и нагледни часови, редовната, додатната, дополнителната и слободните ученички активности;
- ја координираше целовкупната работа во училиштето, посебно организацискатa;

- вршеше постојано следење на реализирањето на часовите и оценувањето на учениците согласно нормативните акти;

- учествуваше на обуки, семинари и стручни средби (споменати погоре кај посетени и одржани обуки);

- оствари бројни консултативни средби со советниците од БРО, со Државниот просветен инспекторат; со Градоначалникот и службите во локалната самоуправа, како и со директорите од околните и други училишта.

Училишниот педагог, Убавка Бутлеска својата работа ја остварува според својата Годишна програма за работа. Оваа учебна година ги реализираше следниве активности по подрачјата на работа:

1. Работа со ученици

- учествово запишувањето на ученици во училиште;
- следење на постигањата на учениците;
- интервенирање при несоодветно однесување на ученици;
- превентивни и интервентни активности за подобрување на менталното здравје;
- испитување на професионалните интереси на учениците од деветто одделение;
- информирање на учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување

2. Работа со наставници:

- известување за новини во законите и наставните планови и програми на состаноците од наставничкиот совет и стручните активи;
- следење на наставата од различни аспекти: начинот на планирање, примена на нови програми, пристапи и методи;
- давање насоки за успешно планирање на наставата;
- увид во планирањата за настава и консултации со наставниците за подобрување на истите;
- насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми и слично) – давани во текот на целата учебна година и при следењето на часовите.

3. Работа со родители

- информирање на родителите преку одделенските раководители и директно преку учество на родителските средби и советот на родители;
- давањето насоки за комуникација и подршка во учењето со децата преку индивидуални и групни разговори;

4. Соработка со заедницата

- презентирање, информирање и промовирање на работата на училиштето;
- консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и за сопствената работа (БРО, ДИЦ, ДПИ);
- запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институциите за решавање на одреден проблем.

5. Професионален развој и професионална соработка

- планирање, водење евиденција и докази за сопствениот професионален развој;
- учество во различни форми на стручно усовршување во и надвор од училиштето;
- следење стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето;
- учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето;
- поддршка на стручните активи во подготовка и реализација на одделни содржини од нивната работа;

6. Аналитичко – истражувачка работа

- изработка на инструменти за прибирање на податоци (уписи, проценки, анкети и сл.);
- анализа и извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа (полугодишни, по тромесечија и годишни, споредбени анализи);
- споделување/презентирање на добиените информации од проценката и анализата со/на вработените, родителите, заедницата, стручните органи и тела, надлежните институции (на наставнички совет, на стручни активи);

7. Училишна структура, организација и клима

- учество во изработката на Годишна програма за работа на училиштето;
- учество во организацијата на работата во училиштето
- учество во работата на стручните органи и тела во училиштето
- водење евиденција за учениците;
- следење на наставните и воннаставните активности, анализа на сознанијата и предлагање мерки релевантни за целото училиште

- соодветна советодавна помош на учениците за подобрување на дисциплината (индивидуални средби, на наставнички совет, насоки за наставниците);
- планирање и организирање активности за демократско учество на учениците во животот на училиштето преку (организирање и учество во работата на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител).
- Учество во изработката и следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација.

Училишниот психолог, Анета Гулабоска својата работа ја остварува според својата Годишна програма за работа. Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот, од предвидените содржини и активности за овој период во континуирана соработка со директор,педагог,дефектолог,родители и ученици реализирани се следните:

1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ

Совтодавна работа со учениците
- следење на прилагодеността на учениците од прво и шесто одд. деветгодишно образовение, како и новодојдените ученици
- советодавно-инструктивна работа со учениците со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување, како и соучениците од семејства со социјален ризик
- евиденција од работата со овие ученици, наставниците и нивните родители,
- поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница
-осмислување, организирање и водење работилница со учениците-на теми: стоп за насилство,начини за поуспешно учење,заштита од зависности и други теми по барање на учениците.
- индивидуално и групно советување ученици кои имаа намален успех во учењето и нередовно ја посетуваа наставата

Работа со ученици со посебни образовни потреби
- запознавање на наставниците со децата со посебни образовни потребии со видот на нивната попреченост, посебно наставниците од прво и шесто одделение; -советодавно консултативна работа со нивните родители и евиденција на истата
- следење на нивните постигања, емоционалниот и социјалниот развој накрајот на класификационите периоди; Учество во инклузивниот тим;

Работа со надарени ученици
- советодавна работа со наставниците за влучување на овие ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности, како и мотивирање наистите за учество на натпревари на знаења

Работа со ученици со потешкотии во учењето, прилагодувањето и однесувањето
-помош и поддршка на наставниците при откривање ученици со потешкотииво учењето(деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат, деца со емоционални проблеми и слаба мотивација, како и деца со проблеми во однесувањето)
-учество во инклузивниот тим во училиштето
-следење на нивното напредување по завршување на класификационитепериоди
-советодавна работа со овие ученици и нивните родители и евиденција на истата
-групно советување на учениците со намален успех во учењето и ученици кои нередовно посетуваа настава по класификациони периоди

Запишување на учениците и формирање паралелки
-формирање на паралелки за прво одделение според дадените критериуми
-запишување на нови ученици и нивно распределување во паралелки
-следење на уписот на учениците во прва година средно образование
-упис на деца во прво одделение (член на комисија), давање мислење за ученици родени до 31 јануари 2019год., изготвување извештај зазапишаните деца во прво одделение во редовен и дополнителен упис

Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните содржини
-следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност на крајот на првото тримесечие ипрвото полугодие
-следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-следење и евиденција на освоените места и награди на учениците и учество на интерни, општински, регионални и републички натпревари

Работа на професионална информација и ориентација на учениците
- задавање, обработка и изготвување анализа од зададена анкета запрофесионална информираност и ориентација на учениците во паралелките на деветто одделение

- разгледување на конкурсот,помош и советување за начинот на пресметување на поени за упис во средно образование(телефонски разговори и онлајн)индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални желби иинтереси , како и нивно професионално ориентирање(телефонски разговори и онлајн)

2..РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

-помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците

-инструктивно консултативни разговори со наставниците во врска со планирани методи, техники за учење, водење рефлексивни забелешки во дневните подготовки, планирање и задавање домашни задачи, како и следење на користењето дигитални содржини со нагласување на користени веб страни

-посета на часови и пополнување на инструментите за посета на час

-консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

-педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците

- запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици;

- запознавање на наставниците со различни начини на кои учениците учат – преку работилница, насоки при следењето часови

3.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

-индивидуална и групна советодавна работа со родителите

-изготвување на месечен план за советување на родителите, пополнување обрасци за работа, како и записници од советувањето

-реализирање на програмата за советување на родителите

-работилница и дискусија за подобрување на дисциплината во училиштето

-Запознавање на родителите со предизвиците и проблемите со кои се сретнуваат учениците

-Советодавна и информативна работа во Советот на родители кога е потребно

4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

-постојана соработка со колеги и размена на информации од други училишта

- учество во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница

5 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

-поддршка на одговорните наставници на стручните активи, како и одговорните наставници на ученичките организации при изготвување на годишни програми за работа

-помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на одделенските часови од програмата “Образование за животни вештини”

- одење документација за професионалниот развој на наставниците: наставничко досие;

-голем број на онлајн обуки

6.АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

- учество во изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на првото тримесечие , првото полугодие , терто тримесечие и на крај на учебната година

-изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметнанастава

-учество во изготвување на полугодишниот и годишниот извештај за работатана училиштето

-изготвување на годишен извештај за сопствената работа

-изготвување на извештаи од посетени презентации, трибини, научни собири...

-изготвување извештај од советувањето родители за потребите на Педагошката служба при МОН на крајот на секој класификационен период

-учество во анализата од зададена анкета запрофесионална информираност и ориентација на учениците.

7. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

- Учество во планирање на превентивни програми

- Учество во Подобрување на комуникацијата на учениците

- Учество во изработка на правилници и протоколи за подобрување на училишната клима и безбедноста на учениците

- Учество и поддршка на работата на ученичкиот парламент преку Развивање и поттикнување на демократски начини на остварување на ученичките права

- учество во организацијата на работата во училиштето

- учество во работата на стручните органи и тела во училиштето

- водење евиденција за учениците;..

- следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалагање мерки за подобрување

-редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа,

изготвување оперативни програми за работа, евиденција од педагошко инструктивна и советодавна работата со наставници,родители и ученици, соработка со локална средина,документација од анлитичко истражувачка работа...)

-поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата

Училишниот специјален едукатор и рехабилитатор, Наташа Димоска својата работа ја остварува според својата Годишна програма за работа. Оваа учебна година ги реализираше следниве активности:

- Учество во Комисијата за запишување на ученици во прво одделение и користење различни методи и инструменти за испитување на подготвеноста за вклучување на учениците во соодветното ниво на образование
- Подготвување документи (планови, проценки) за идентификување на образовните потреби на учениците за обезбедување соодветна поддршка
- индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето, успехот, комуникацијата и социјализацијата.
- Информирање на родителите, наставниците и учениците со потешкотии и давање соодветни препораки
- Непосредна поддршка на учениците во учењето, индивидуална и во паралелката
- Запознавање со веќе идентификуваните и обсервирање и идентификување на ученици со тешкотии
- Учество во работата и соработка со колегите од инклузивниот тим во училиштето.
- Пружење поддршка на учениците со попреченост секогаш кога им е потребна (учениците се информирани за можностите за консултација).
- Користење различни видови, стратегии и приоди во индивидуалната комуникација со учениците.
- Учество во работилници и други активности со ученици на различни теми
- Разговор и советување на учениците за понатамошно образование
- Помагање на наставниците да ги земат во предвид индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирање и реализирање на наставата.
- Следење на комуникацијата во училницата и давање повратна информација на наставникот.
- Реализирање индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со потешкотии, давање инструкции за работа со нивните деца во домашни услови, споделување на информациите за учењето и однесувањето на ученикот, информирање за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош.
- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем.
- Соработка со колегите во рамките на стручните активи и наставничкиот совет;
- Учество на обуки, интерни и екстерни за подобрување на работата.
- Учество во пишување извештаи, анализи, прегледи и други стручни материјали.
- Градење инклузивна клима и култура за прифаќање на учениците со потешкотии
- Давање соодветна советодавна помош во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на учениците.

Училишната библиотека во училиштето работеше со 20 работни часа во неделата од страна на библиотекар Трајанка Стојкоска. Училишната библиотека во ООУ „Манчу Матак“, Кривогаштани во изминатата учебна 2024/2025 г. ги задоволуваше потребите на учениците и вработените во училиштето нудејќи ги најпрво своите лектирни изданија според Наставната програма, разни други белетристички изданија и стручна литература.

Училишниот библиотекар Трајанка Стојкоска ги реализирање следниве активности:

-Чистење и уредување на библиотеката.
-Прием на новопристигнатите учебници ,евиденција и распределба по паралелки.
-Проверка на оштетеноста на старите учебници и санирање на оштетената литература.
-Комуникација и соработка со библиотеки од други училишта и обезбедување на материјал.
-Посета и запознавање со работата на библиотеката од учениците од прво одделение.
-Препорака на текстови и книги на учениците за различни намени.
-Селектирање и чување на наставните ресурси.
-Соработка со издавачки куќи, прием и распределба на детски печат.
-Прием и евиденција на учебници за учебната 2025-2026 год. и нарачка за учебната 2025/2026 година;
-Збогатување на библиотечниот фонд со нови книгии водење на електронска евиденција на новите книги.
- Донаторска акција на детски книги и лектирни изданија (35 книги)

- Реализирани активности со ученици во соработка со наставниците:

1. Посета на училишната библиотека од учениците од прво одделение.Запознавање на учениците со организацијата на библиотеката и правилата за користење на нејзините услуги.(30.10.2025)
2.Реализирана работилница по повод Недела на детето со учениците од IVодделение:
Нашите идеи како ќе го поминуваме слободното време во иднина.(20.11.2024)
3. Реализирана работилница со учениците од I одделение:
Интерактивно читање на зимски приказни(26.12.2025)
4.Читање и анализа на текст со разбирање со учениците од IXб одд.(30.1.2025)
5.Реализирана книжевна работилница со ученици од VI одделение (13.2.2025)
6.Реализирана работилница со учениците од I и II одделение:
Читање на приказни и бајки (5.3.2025)
7.Реализирана работилница со учениците од IVодделениепо повод Светскиот ден на детската литература:
Детските книги-првиот прозорец кон фантазијата.(2.04.2025)
8.Реализирана заедничка работилница со учениците од Iи одIV одделение по повод Светскиот ден на книгата: Книгата е прозорец во светот ,но и огледало на душата.(24.4.2024)
9.Посета на Саемот на книгата (9.05.2025)
9.Посета на училишната библиотека од ученици од подрачните училишта и запознавање со начинот на функционирање на библиотеката.

Училишната библиотека работеше согласно распоредот за работа истакнат на влезната врата во библиотеката. Библиотеката нуди пријатни услови за престој и работа.

Оценувањето на учениците се одвиваше редовно, согласно нормативните акти. Оценувањето континуирано сеследи преку посетите на часовите и увидот во електронскиот дневник, како и извештаите од одделенските раководители. Се анализираат постигањата на учениците по класификациони периоди и се носат заклучоци за подобрување на истите. Се дава поддршка на на наставниците при оценувањето од страна на стручните соработници и наставникот – ментор преку давање насоки за описно, формативно и сумативно оценување, давање насоки за внесување на постигањата во додатокот на сведителство.

По одржаните Одделенски совети каде што беше разгледан успехот на учениците на крајот од учебната година и по Наставничкиот совет на кој се утврди истиот по постигањата на учениците . Средниот успех на учениците во учебната 2024/2025 година, кај бројчано оценетите е 3,88 што е нешто полош од минатата кога беше 3.96, но забележителен е трендот на зголемување на успехот во последните 3 години.

Општиот успех на учениците по предмети во училиштето во одделенска настава е 4,22 (4,22 минатата учебна година), а во предметна 3,66 (3,57 минатата учебна година). Анализирајќи го успехот по предмети најдобар успех учениците имаат постигнато по изборните предмети, ликовно образование, физичко образование, географија, а најслаб по математика, природни науки и историја. Анализирајќи го успехот постигнат по машки и женски, се наметнува заклучокот дека девојчињата се значително поуспешни во поголемиот број одделенија.

Учениците од I до III одделение се описно оценети, а останатите бројчано. (Подетално во *прилозите за успехот постигнат по одделенија и паралелки*).

Оваа учебна година се направени вкупно8063(7606минатата учебна година) изостаноци од коиоправдани 7950 (7528 минатата година)и 113неоправдани (78 минатата година). Оправданите изостаноци претежно се должат на отсутноста поради болест на учениците.

Сведителствата на учениците, за деветто одделение им беа дадени на 13.06.2025за деветто одделение, а на останатите на 26.06.2025 година.Сите ученици добија и додаток на сведителство за учество во воннаставни активности.

На крајот од учебната година за одличен успех и примерно поведение беа пофалени 64ученици од страна на Наставничкиот совет. За првенецна генерација беше прогласен ученикотМатеј Комициоски, а беше наградена и второрангираната за првенец. Награди добија и сите ученици кои учествуваа на државните натпревари оваа учебна година. Поведението кајсите ученици е примерно.

Педагошката евиденција и документација уредно се водеше во текот на целата учебна година што е констатирано и од страна на директорот, стручните соработници, просветниот инспектор. Целокупната евиденција и документација беше редовно прегледувана и следена од страна на директорот на училиштето, Комисијата посебно формирана за таа намена истручните соработници и навремено се поправаа и отстрануваа недостатоците.

- Редовно се потполнуваа електронските апликации за педагошка евиденција и документација ХРМ и ЕМИС, како и електронскиот дневник од страна на сите наставници.

Заштита и безбедност – реализирани активности:

- Учениците и вработените беа осигурани преку училиштето.
- Училишните објекти во ЦОУ (училишната зграда и спортската сала), како и објектите на подрачните училишта се исто така осигурани;
- По еднаш во полугодие на договорен ден се тестирани звоното / алармот за евакуација како знаци на елементарна непогода,
- Вежба за евакуација со ученици и наставници.

Подобрување на односите во училиштето – реализирани активности:

- спортски натпревари во одбојка,
- 2 екскурзии есенска и пролетна екскурзија со присуство на ученици.
- 1 екскурзија на која учествуваа само наставниците
- предновогодишна прослава.
- прослава по повод осми март.
- прослава по повод патрониот празник.
- полуматурска прослава
- интерни и екстерни обуки
- еко акција за рециклирање на пластика
- генералка викенд во соработка со локалната самоуправа
- хуманитарни активности за помош на семејства и ученици.

Јуни - август, 2025 година


Директор:

Кривогаштани


_____

Даниела Мицеска

Прилози:





Следење на постигнатиот општ успех по учебни години




Споредба на постигнат општ успех по учебни години и одделенија

	2024-2025	2023-2024	2022-2023	2021-2022	2020-2021	2019-2020
IV	4,06	4,43	4,10	4,10	4,14	3,97
V	4,45	4,10	4,28	4,29	3,90	3,88
VI	3,69	3,71	4,22	3,49	3,61	3,75
VII	3,70	3,78	3,43	3,48	3,61	3,65
VIII	3,82	3,40	3,61	3,52	3,60	3,18
IX	3,38	3,70	3,61	3,60	3,35	3,78
ВК.	3,80	3,96	3,88	3,74	3,70	3,70



Направени вкупно изостаноци по одделенија
I
2%
II
12%
III
9%
IV
5%
V
4%
VI
20%
VII
13%
VIII
10%
IX
25%


Споредба на изостаноци
1%
99%
оправдани
неоправдани

Годишен успех на учениците од одделенска настава во учебната 2024/2025 година – по предмети



Годишен успех на учениците од предметна настава во учебната 2024/2025 година – по предмети



Петгодишен споредбен среден успех по предмети (табела)

	2024-2025	2023-2024	2022-2023	2021-2022	2020-2021
IV	3,90	4,43	4,10	4,10	4,14
V	4,47	4,10	4,28	4,29	3,90
VI	3,62	3,71	4,22	3,49	3,61
VII	3,49	3,78	3,43	3,48	3,61
VIII	3,76	3,40	3,61	3,52	3,60
IX	3,36	3,70	3,61	3,60	3,35
ВК.	3,77	3,85	3,88	3,74	3,70

Петгодишен споредбен среден успех по предмети (графички приказ)

